Врз основа на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (Службен весник на РМ бр. 51/2011, 148/2013,41/2014,130/2014, 53/2016 и 11/2018) и врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македониа" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 , 51/2011, 96/2019 и 110/2019), а во врска со член 20 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015) и Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на Република Македонија" бр.147/2010 и 34/2011), Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос (во понатамошниот текст Државна комисија), донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ ВНАТРЕШНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВКУПНИОТ ОДОБРЕН БУЏЕТ, ПРЕЗЕМАЊЕ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ И ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАЌАЊА ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН во 2023 година**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
Бр.-Nr. 0501-77/1
13.01.2023 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

1. **Вовед**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на процесот на внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, процесот на преземање на финансиски обврски и процесот на плаќање.

2. **Процес на внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет**

Член 2

Внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет се спроведува преку решението за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет (во понатамошниот текст: решението) кое го подготвува раководителот на Секторот за финансиски прашања, го одобрува генералниот секретар, а се донесува најдоцна до 10 јануари во годината на која се однесува одобрениот буџет.

Член 3

Во случај на измени и дополнувања на буџетот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се донесува ново решение во кое покрај претходно утврдените износи се внесуваат и изменетите износи по програми и ставки во нова колона, кое е во рок од 8 дена од денот на донесувањето и се доставува до Министерството за финансии.

Член 4